**Триглав Осигурување АД**
бул. 8-ми Септември бр. 16
1000 Скопје

triglav



# Посебни услови за осигурување на пратки во копнен превоз кои го преминуваат дозволениот облик и/или тежина (габарит)

КЛ-крг-5
12-1-мк

[1] Според овие Посебни услови, осигурувачот покрива штети кои ќе настанат на пратките со таков облик и/или тежина кои според сообраќајните прописи го надминуваат најголемиот дозволен облик и/или тежина. Исклучок е случајот кога осигуреникот сам ја превезува стоката со свое превозно средство, а штетата настанала поради непридржување на возачот кон сообраќајните прописи во однос на дозволен габарит за сигурен превоз (ознаки за предупредување во однос на висина, ширина, носивост и сл.).

[2] Осигурувањето се склучува под следниве услови:
1) превозот на пратката мора да биде одобрен од меродавни органи (ако тоа е потребно поради големината и/или тежината на пратката);
2) превозот мора да се изврши согласно важечките прописи кои го регулираат превозот на тешки и/или огромни предмети;
3) пратката мора да се превозува со соодветни и згодни превозни средства кои одговараат на видот на стоката и условите за превоз на предметната пратка;
3) пакувањето, утоварот, превозот, претоварот и истоварот мора да се извршат на соодветен и/или пропишан начин под надзор на стручни лица (контролна куќа, судски вештак и слично).

[3] Осигурувањето започнува со утовар во превозното средство, а завршува со истовар од него, ако не се договори поинаку.

[4] Од осигурување се исклучени штетите настанати:
1) поради неисполнување на условите од точка [2];
2) поради фабричка грешка или внатрешни недостатоци;
3) на лица или на имот од трети лица;
4) поради намалување на вредноста на стоката по извршената поправка;
5) поради природен недостаток на стоката.

[5] Надоместот за загуба или оштетување на дел или делови од осигурената пратка не може да биде поголем од трошоците за замена или поправка на оштетениот дел или делови, вклучувајќи ги и трошоци за доопремување. Надоместот, во никој случај не може да биде поголем од сумата на осигурување.

[6] Барањето за надомест на штета мора заедно со останатата документација да содржи и докази за исполнување на условите од точка [2].

[7] Ако не се договори поинаку, штетата се надоместува без одбиток на франшиза.

[8] Осигурувањето според овие Посебни услови се склучува само ако претходно е договорено осигурување според Општите услови за осигурување на стока во превоз и според Посебните услови за осигурување на стока во превоз против сите ризици КЛ-крг-2.